**Предлог:**
**Иницијатива за субвенционирање при набавка на**
**Електрични и хибридни возила**

Целта на иницијативната е субвенционирање од странана Владата на Р.Македонија при набавка на нови електрични и хибридни возила како и за конверзија на возила со внатрешно согорување во електрични возила со максимален износ до 30% од нивната вредност за граѓаните и правни лица. Износот кој максимално може да се добие по возило согласно типот на возила е согласно следната категоризација:

- До 8.000 еур (M1 и N1 тип на возила) – електрични возила за превоз на патници со најмногу 8 седишта не вклучувајќи го седиштето на возачот (M1) и возила за превоз на стоки со максимална маса заклучно со 3,5 тони (N1) со досег на возење над 40 км со едно полнење;
- До 3.000 еур (M1 и N1 тип на возила) – електрични возила за превоз на патници со најмногу 8 седишта не вклучувајќи го седиштето на возачот (M1) и возила за превоз на стоки со максимална маса заклучно со 3,5 тони (N1) со досег на возење до 40 км со едно полнење;
- До 4.500 еур (M1 и N1 тип на возила) – приклучни хибридни возила (Plug in hybrid) со емисија на $CO_2$ до најмногу 50 g $CO_2$/km - возила за превоз на патници со најмногу 8 седишта не вклучувајќи го седиштето на возачот (M1) и возила за превоз на стоки со максимална маса заклучно со 3,5 тони (N1);
- До 3.500 еур (M1 и N1 тип на возила) – хибридни возила со емисија до 90 g $CO_2$/km - возила за превоз на патници со најмногу 8 седишта не вклучувајќи го седиштето на возачот (M1) и возила за превоз на стоки со максимална маса заклучно со 3,5 тони (N1);
- До 800 еур (L1 тип на возило) – електрично возило со две тркала со моќност $\leq$ 4kW и брзина $\leq$ 45 km/h – мопеди, скутери итн.;
- До 1.000 еур (L3e тип на возило) - електрично возило со две тркала со брзина поголема од 45 km/h – мотоцикли;
- До 1.500 еур (L6e тип на возило) – електрични лесни четирицикли со моќност помала од 4kW;
- До 3.000 еур (L7e тип на возило) – електрични четирицикли со моќност до 15kW;
- До 3.000 еур за конверзија на возило со внатрешно согорување во електрично возило (M1 и N1 тип на возила) со досег на возење над 40 км со едно полнење.

Физичките лица може да искористат субвенција за набавка на едно возило кое мора да го користат најмалку една година, додека пак правните субјекти може да искористат субвенциониран износ до 80.000 еур за набавка на возила при што истите мора да ги задржат во своја сопственост најмалку 3 години.

На овој начин се очекува да се добие позитивен тренд кон зголемување на бројот на вакви возила по улиците и автопатиштата на Р.Македонија што дополнително ќе допринесе кон намалување на загадувањето и бучавата во поголемите населени места.